02-523/2
17.06.2022 год

ООУ„ Дане Крапчев "
ул.Маџари бр.9. Скопје
Тел:+3892 2525-292
Факс: +3892 2525-292
E-mail:oudanekrapcev@yahoo.com

Врз основа на член 129 став 4 од Законот за основно образование (Сл.весник 161 од 5.08.2019) Училишниот одбор при Општинското основно училиште „ Дане Крапчев " Скопје на одржаната седница одржана на 17-06-2022 година ја донесе следната :

## О Д Л У К А

За усвојување на извештајот за самоевалуација за периодот 2020/2022 год.

Член 1

Училишниот одбор го разгледа и усвои извештајот за самоевалуација за периодот 2020/2022 год., доставен од Комисијата за спроведување на самоевалуација во училиштето.

Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

Претседател на Училишниот одбор,

Ирена Вељковиќ



Scanned with CamScanner

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ДАНЕ КРАПЧЕВ
Бр. 01-531/1
16. 06. 2022 год.
Гази Баба - Скопје

# *ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА*

*ООУ ,,Дане Крапчев" - Скопје*

| | |
|---|---|
| **Период:** | 2020 – 2022 година |
| **Вид на училиштето:** | Општинско основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општина - Гази Баба |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Претседател на Училишниот одбор:** | Ирена Вељковиќ |
| **Директор на Училиштето:** | Виолета Стоилевска |
| **Адреса на училиштето:** | ул„Маџари" бр.9 |
| **Телефон:** | 02- 2525-292 |
| **e-mail:** | oudanekrapcev@yahoo.com |
| **web** | www.oudanekrapcev.edu.mk |

Јуни 2022



Scanned with CamScanner

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 129 и член 130, од Законот за основно образование (Сл. весник на РСМ бр. 103 / 19), ***Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Дане Крапчев" - Скопје, за периодот 2020-2022 година изврши самоевалуација на работата во ООУ „Дане Крапчев" - Скопје.*** За секое подрачје беа формирани тимови. Секој тим за своето подрачје изврши проверка на потребната документација, за секој индикатор одделно. Се спроведе анкета со учениците, наставниците и родителите. Комисијата во состав од пет члена - педагогот на училиштето, тројца наставници и еден родител, ги анализираше сите добиени податоци и врз основа на истите го изготви следниот извештај.

За изготвување на *самоевалуацијата* беа користени насоките од Законот за основно образование и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на *самоевалуацијата* е, со конкретни анализи и осврт на сите области од работењето на училиштето, да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките, но и слаби страни за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е намалување на бројот на слабите страни и одржување на јаките страни.

**Според целосно извршената самоевалуација, *Комисијата* ја разгледа целокупната состојба и работа во училиштето, по следните подрачја:**

*Подрачје1 -* Наставни планови и програми
*Подрачје 2 -* Постигнувања на учениците
*Подрачје 3 -* Учење и настава
*Подрачје 4 -* Поддршка на учениците
*Подрачје 5 -* Училишна клима и односи во училиштето
*Подрачје 6 -* Ресурси
*Подрачје 7 -* Управување, раководење и креирање политика

*Врз основа на собраните податоци од тимовите, донесени се заклучоци на кое ниво се наоѓа нашето училиште, односно кои се неговите значајни постигнувања, но и неговите слаби страни и приоритети.*



Scanned with CamScanner

## Подрачје 1: *НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ*

**Индикатори:**

1.1. Реализација на наставните планови и програми
1.2. Квалитет на наставните планови и програми
1.3. Воннаставни активности

**Клучни јаки страни**

- Наставните планови и програми во целост се реализираат во пропишаниот обем.
- Училиштето им дава поддршка на наставниците за успешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР.
- Училиштето има разработени начини, преку кои ги информира родителите, учениците и другите заинтересирани субјекти за целите на НПП.
- Во училиштето работи Училишен инклузивен тим и инклузивен тим за ученици со ПП.
- Нашето училиште е мултиетничко и мултикултурно и во него се обезбедува еднаквост на сите ученици.
- Училиштето организира воннаставни активности за учениците поврзани со нивниот личен, социо-емоционален и психолошки развој. Наставникот води евиденција за присуство.

**Слаби страни:**

- /



Scanned with CamScanner

# Подрачје 2: *ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ*

**Индикатори:**

2.1. Постигања на учениците
2.2. Задржување/намалување на бројот (осипување) на ученици
2.3. Повторување на учениците

**Клучни јаки страни:**

- Секој квартал се прави анализа на успехот и поведението на учениците од различен пол, етничка припадност, по одделенија, паралелки и по предмети и се врши споредба со претходната година, на ниво на прво тромесечие, прво полугодие, трето тромесечие и крај на учебна година.
- Училиштето планира и превзема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците, како во нормални, така и во вонредни услови.
- Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.
- Училиштето организира заеднички активности (наставни и вонаставни) со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето или во партнерство со училиште од друг наставен јазик.
- Училиштето обезбедува услови за запишување на сите ученици од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби.
- Училиштето ги реализира советувањата на родителите, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците.
- Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците, ги анализира причините и во соработка со локалната самоуправа, родителите и граѓанските организации, навремено презема конкретни активности да го намали осипувањето.
- Во училиштето постојат пропишани процедури за идентификување и анализирање на причините за неуспехот во завршување на образованието и училиштето презема навремени мерки за намалување на бројот на ученици што не го завршуваат образованието.

**Слаби страни:**

- **Доследна примена на Процедурата за работа со талентирани и надарени ученици.**



Scanned with CamScanner

## Подрачје 3: *УЧЕЊЕ И НАСТАВА*

### Индикатори:

3.1. Планирања на наставниците
3.2. Наставен процес
3.3. Искуства на учениците од учењето
3.4. Задоволување на потребите на учениците
3.5. Оценувањето како дел од наставата
3.6. Известување за напредокот на учениците

**Клучни јаки страни:**

- Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањата на наставниците и наставниот процес од страна на директорот и стручните соработници.
- Училиштето обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование и еколошките содржини.
- Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, регионална соработка со други училишта, консултирање со експерти, користење на меѓународни искуства и др.
- Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план и програма, при што се почитува најдобриот интерес на детето.
- Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии и нив ги применуваат во наставата.
- Учениците што подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со приспособени програми.
- Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес која редовно се применува.
- Учениците го доживуваат училиштето како стимулирачка и мотивирачка средина, независно од нивните разлики (род, националност, способности, социјален статус).
- Во училиштето се применуваат мерките согласно протоколот за реализација на настава за заштита и превентива од КОВИД -19.
- На сите ученици им беше овозможено следење на наставата од далечина, учениците се вклучуваа и ги применуваа алатките за учење од далечина.
- Учениците имаат можност да го искажат сопственото мислење. Нивното мислење сериозно се зема предвид при решавањето проблеми и при одлучувањето.
- Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина и сметаат дека училиштето поттикнува соработка меѓу нив и почитување на различностите.



Scanned with CamScanner

- Во училиштето постои Процедура за идентификување и следење на учениците со потешкотии во учењето, емоционални потешкотии и посебни потреби.
- Училиштето има дефинирана политика за оценувањето, вклучувајќи етички кодекс за оценување и Процедура за поплаки и жалби по добиени оценки.
- Наставниците целосно ги користат информациите добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата.
- Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува.

**Слаби страни:**

- /

## Подрачје 4: *ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ*

**Индикатори:**

4.1. Севкупна грижа за учениците
4.2. Здравје
4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците
4.4. Следење на напредокот

**Клучни јаки страни:**

- Училиштето има соработка и со локалната заедница на безбедносен план.
- Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на ученици при несреќен случај.
- Училиштето врши симулација - вежба за постапување во случај на елементарна непогода (земјотрес и пожар) на учениците и вработените.
- Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани облиците на однесување на децата и возрасните.
- Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.
- Училиштето води грижа за однесувањето на децата и возрасните во превенција од насилство.
- Во училиштето се организираат собирни акции на парични средства, храна и облека, со цел помош на учениците кои се од семејства во тешка матерјална состојба.
- Хигиената во училиштето е на високо ниво.
- Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат.
- Училиштето има разработен систем за работа со ученици кај кои се идентификувани здравствени проблеми.
- Училиштето успешно им помага на учениците во изборот во нивното натамошно образование.



Scanned with CamScanner

- За време на е-учење се води континуирана евиденција за извршување на задачите од страна на одделенските раководители, предметните наставници и стручните соработници во училиштето.
- Евиденцијата за напредокот и развојот на учениците им е достапна на наставниците, родителите и учениците.
- Сите наставници континуирано ја следат целокупната работа на учениците со ПОП, нивниот напредок, редовност и поведение.
- За подобрување на наставата се користат слабите страни, преку поставување на приоритети на училиштето.
- Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален и емоционален развој (ученичко досие).

**Слаби страни:**

- /

## Подрачје 5: *УЧИЛИШНА КЛИМА*

**Индикатори:**

5.1. Училишна клима и односи во училиштето
5.2. Промовирање на постигањата
5.3. Еднаквост и правичност
5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

**Клучни јаки страни:**

- Во училиштето е овозможен безбеден престој на учениците.
- Учениците и наставниците се горди што се дел од училиштето.
- Постојат кодекси на однесување на сите структури во училиштето кои се применуваат подеднакво за сите.
- Училиштето има *Кодекс на однесување* кој е усогласен со кодексите за однесување за време на кризна состојба.
- Училиштето има процедура, правилник и критериуми за изрекување педагошки мерки на учениците.
- Училиштето има Правилник за санкционирање на вработените за неизвршување на обврските,Правилник за утврдување на дисциплинска одговорност на наставниците и вработените и Процедура и критериуми за оценување на наставници.
- Учениците се задоволни, среќни и прифатени од возрасните и другите ученици во паралелката и училиштето.
- Односот помеѓу учениците и наставниците е заснован на меѓусебно почитување и соработка.
- Училиштето води грижа за однесувањето на децата и возрасните во превенција од насилство.
- Училиштето има демократски избран Ученички парламент преку кој учениците директно се вклучени во решавањето проблеми и донесувањето одлуки, преку



Scanned with CamScanner

присуство на двајца претставници во Совет на наставници, Совет на родители и УО.

- Училиштето има разработено систем на промовирање на личните постигања на учениците во училиштето и надвор од него.
- Нашето училиште е единствено училиште со ученички блог кој е креиран на барање на учениците со цел промовирање на ученичките трудови.
- Преку проектот HEAD, Училишниот инклузивен тим реализираше акциско истражување ,,Прифаќање и почитување на различностите" кое беше објавено во прирачникот ,,Акциско истражување за инклузивна училишна култура".
- Училиштето има Правилник за пофалби и награди на ученици во кој се имплементирани Критериуми за пофалби и награди на учениците и прогласување на првенец на генерација.
- Училиштето има Правилник за доделување признанија на вработените.
- Учениците сметаат дека во училиштето можат да ги искажат своите интереси и креативни потенцијали.
- Вработените ги познаваат и почитуваат правата на децата.
- Училиштето има систем за поддршка и помош на наставниците подеднакво да ги третираат сите ученици.
- Во училиштето има сензорна соба за стимулација, интеграција и учење на ученици со попреченост и потешкотии во учење.
- Учениците сметаат дека во училиштето не постои дискриминација.
- Училиштето има развиено механизми за прифаќање и промовирање на мултикултурализмот.
- Училиштето воспостави и модел на Ученик правобранител и заменик ученик правобранител чија функција е промовирање на детските права и поддршка за заштита на детските права.
- Постои Тим за подобрување и продлабочување на соработка со родителите и истиот има изработена стратегија за подобрување на соработката со родителите.
- На родителите им се овозможува вклучување во наставните и вонннаставните активности.
- Родителите се горди што се дел од училиштето, а наставниот кадар ужива респект кај родителите и се чувствуваат добредојдени во училиштето.
- Училиштето има успешна соработка со локалната и деловната заедница, како и со невладиниот сектор.

**Слаби страни:**

- Училиштето има соработка на меѓународно ниво, но само преку проектот ,,Bar code", па во таа смисла сметаме дека е потребно е да се зголеми соработката со училишта на меѓународно ниво.



Scanned with CamScanner

## Подрачје 6: *РЕСУРСИ*

### Индикатори:

6.1. Сместување и просторни капацитети
6.2. Наставни средства и материјали
6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар
6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар
6.5. Финансиско работење во училиштето

**Клучни јаки страни:**

- Максимална искористеност на просторните капацитети за реализација на наставни и воннаставни активности.
- Бројот и структурата на наставниот кадар овозможува квалитетна реализација на училишната програма.
- Училиштето максимално е заштитено од непожелни надворешни лица и кражби во времето кога нема настава во него.
- Комплетно уредена библиотека-медијатека со електронски наставни средства и помагала, разновидна литература и литература на различни јазици.
- Достапност на учениците до библиотеката-медијатека за извршување на домашните задачи (достапен интернет и литература во тврда и е-форма).
- Ефективна употреба на наставни средства и помагала, користење на интерактивни табли во наставата и вон наставата, како и асистивна технологија, сензорна соба и тивко место ,,Пријателски места за аутизам" и други специфични помагала за учениците со посебни образовни потреби.
- Подобрени материјално-технички услови за работа на стручните соработници, како и посебна работна просторија за децата со ПОП.
- На наставниците им е овозможено постојано стручно усовршување преку учество на семинари и обуки.
- Професионалниот развој на наставниците се темели врз постојано учење и усовршување во текот на работата, како и преку работа и учење едни со други, со што се обезбедува размена на знаењата и нивна практична и директна примена.
- Училиштето има стратегија за ангажирање на персоналот со повисоки квалификации и стручност.
- Транспарентно, контролирано и добро спроведувано финансиско работење.
- Се води евиденција на постојните и потребните наставни средства и помагала и се одредуваат приоритетните потреби.

**Слаби страни:**

- Наставниот кадар со кој располагаме не е доволен за изведување продолжен престој на ученици од различни паралелки **во услови на пандемија**, поради мерките за недозволено мешање на ученици од различни паралелки.



Scanned with CamScanner

**ПРЕДЛОГ - МЕРКА**

**Подрачје 5:** ***УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО***

- **Проширување на соработката со меѓународни образовни институции.**

**Подрачје 2:** ***ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ***

- **Доследна примена на Процедурата за работа со талентирани и надарени ученици.**

Комисијата, *извештајот* од извршената самоевалуација на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот на истото.

***Дата:***
16.06.2022 год.

***Комисија за самоевалуација:***

Лиле Сарваноска- предметен наставник

Наташа Јосимовска Георгиева - одд.наставник

Тања Метикош - наставник ментор

Габриела Ѓоршевска - педагог

Ана Стојменовиќ - родител



Scanned with CamScanner